Листа на кандидати за претседател на ФСС на ФЕИТ

1. Дејан Димитриев

Листа на кандидати за членови на ФСС на ФЕИТ по години

I година, I циклус

1. Анастасија Андоновска
2. Стојана Меган Милошевска
3. Сергеј Мицевски
4. Емилија Наумовска
5. Кристина Пашоска

II година, I циклус

1. Оливер Васевски
2. Бојан Јакимовски
3. Никола Јовановски
4. Камелија Костовска
5. Стефан Наумовски
6. Мила Поповска
7. Ања Русовска

III година, I циклус

1. Војдан Андонов
2. Никола Василевски
3. Теа Вељковиќ
4. Дамјан Зечевиќ
5. Димитар Крстески
6. Теодора Младеновска
7. Анастасија Смиљанова

IV година, I циклус

1. Даниел Гроздановски
2. Филип Макрадули
3. Татјана Петковска
4. Алексеј Поповски

II и III циклус

1. Димитар Димитров
2. Стефан Златинов
3. Ангела Најдовска
4. Иван Темелковски

Во продолжение се дадени кратките биографии на кандидатите кои одговорија на барањето на Комисијата за спроведување на изборите на ФЕИТ

Кратка биографија на кандидатот **Дејан Димитриев**

Здраво, јас сум Дејан, роден сум во Штип и во моментот сум во својата трета година од студиите на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), на насоката Електротенергетика автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ). Во своето слободно време, коешто деновиве се‘ помалку го имам, уживам да планинарам или воопшто да бидам во природа, да го поминувам во друштво на најблиските, понекогаш, но поретко да се впуштам во студирање на некое научно дело од областа на Физиката, или пак да се образовам за најактуелните новости и случувања на глобалната политичка сцена. Покрај ова веќе седум години голем дел од своето слободно време свесно и совесно, континуирано одлучувам да го посветам во работа во/со организации коишто работат за подобрување на животот на младите во мојата локална заедница и во државата. Од истата причина поради којашто пред седум години одлучив да се приклучам на локалниот Совет на Млади на Општина Штип, а пред две во Студентскиот Парламент на ФЕИТ (СПФЕИТ), пред некое време одлучив да се кандидирам за позицијата на претседател на Факултетското Студентско Собрание. Верувам дека обединет гласот на студентите може да е најгласниот и најмоќен адвокат за нашите права, слободи и потреби. Но за да се обедини гласот на студентите потребно е да има доверлива институција на којашто тие би можеле да се потпрат, да ги искажат своите потреби и да застанат еден до друг. Јас се кандидирам во ова време за позицијата на претседател за да работам на поставување на основите на претходно споменатата доверлива институција во којашто се надевам дека ФСС ќе прерасне и да поставам преседан за идните генерации.

Кратка биографија на кандидатот

Анастасија Андовска

Биографски податоци

- Име и презиме: Анастасија Андовска
- Датум на раѓање: 29.01.2001
- Место на раѓање: Велес
- Образование:
  - СОУ”Гимназија Кочо Рацин ” Велес (Природно математичко подрачје); Просек 5.00 (2015-2019)
  - УКИМ, Скопје -Факултет за електротехника и информациски технологии; Насока- ТКИИ; (генерација 2019/2020)

Профил:

- Активен член на невладини организации.
- Демонстрира аналитички темперамент.
- Поседува одлични вештини за дебатирање и е ефективен преговарач кој поседува вештина за убедување.
- Комуникативна, прилагодлива и е флексибилна според средината, постојано учејќи и совладувајќи нови концепти и техники.
- Со висок степен на ментална издржливост и високо чувство на одговорност, лојалност и вистинитост.

Искуство:

- Младински активист, фасилитатор на медиумски / уметнички клубови (МОФ)
- Дебатер/ Дебатен предавач (МОФ)
- Учество на повеќе меѓународни младински размени со различни теми
- Учество на бројни курсеви,академии и семинари за млади со различни теми

Хобија:

- Читање
- Дебата

- Board games

Мотивација за оваа кандидатура:

Пред да се запишам на ФЕИТ знаев за постоењето на Студентскиот Парламент, но оваа година дознав и за постоењето на ФСС и одлучив да пробам да станам дел од истото. Според мене, со ФСС како дел од самата структура на факултетот, ние, студентите сега имаме глас кој е посилен отколку било кога претходно. Одлучив да се кандидирам за претставник на мојата генерација заради мојата волја и мотивација да помогнам во обединувањето на студентите и заедно со другите претставници да креираме платформа со која секој студент би се чувствувал добредојден, вклучен и ценет . Ова би било спроведено и исполнето со организација на нови и креативни настани на факултетот, а исто така и ревизија на старите, имплементирање на разни програми и наоѓање решенија на моментално постоечки проблеми со кои се соочуваат студентите. Се надевам дека оставив барем мал впечаток на оние кои ќе го прочитаат ова и можеби ќе одлучат да гласаат за мене во претстојните избори. Ви благодарам на вниманието ☺

Контакт:

anastasija.andovska@gmail.com

Кратка биографија на кандидатот **КРИСТИНА ПАШОСКА**

Родена 18.07.2000 год во Скопје. Средното образование го завршив во СУГС „Орце Николов“- насока Природно Математичко А. Одлучив да ги продолжам моите студии на ФЕИТ на студиската програма „Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија“ (ЕАОИЕ) бидејќи сакам да дадам придонес за намалување на загадувањето на околината со правилно користење на природните обновливи извори на енергија .

Моите последни години од средно ги поминав во активно волонтирање, бидејќи комуникацијата е многу важен фактор, исто така и тимската работа е од суштинско значење за успех. Бев дел од неколку организации како што се Младите Можат и дел од организација на настани како Таксират, Пин, Македокс и Д-фест. Покрај волонтирањето тука е и мојот интерес за работата на дигиталните медиуми, главно видео монтажа.

Верувам дека како член на ФСС, ќе ја имам таа можност да им овозможам на моите колеги, слободно да ги изразат своите идеи и проблеми со цел да се пренесат до студентското собрание и да се дојде до ефикасно решение заедно како тим.

Со почит,

Пашоска Кристина

ОЛИВЕР ВАСЕВСКИ

Оливер доаѓа од Македонска Каменица, но веќе шеста година живее, твори и „збори“ во Скопје. Својата меѓународна диплома од СУГС „Јосип Броз Тито“ ја искористи да се запише на Факултетот за електротехника и информациски техногогии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде студира компјутерско хардверско инженерство и електроника. Покрај тоа, членува и во неколку студентски и невладини организации како НМСМ, UWC и Хуманост во рамки на кои учествува во многу активности и настани како летни школи, курсеви, семинари, проекти. Во слободно(то) време (што го нема) ужива во долги дискусии на разни теми, добри филмови и книги, ракомет и, секако, уште повеќе наука и технологија. Сака да учествува и придонесува во заедницата, па оттука и мотивот да се кандидира за Факултетското студентско собрание на ФЕИТ.

Кратка биографија на кандидатот **Бојан Јакимовски**

Јас сум Бојан Јакимовски, студент на I циклус студии (втора година), студиска програма КТИ. Слободното време е скоро и да го немам, па затоа хобито го комбинирам со надградување на моето знаење во областа на компјутерските технологии, се трудам да истражувам, а тоа да го применувам во студиите и секојдневниот живот. Останатиот мал дел од слободно време што останува на располагање гледам да го искористам така што ќе испијам некое кафе со колегите, ќе отидам на некоја добра журка, ќе планинарам, одиграм добра партија кошарка, шах и сл.

Оваа година решив да се кандидирам за член на ФСС, бидејќи мислам дека лично можам да придонесам во подобрувањето на условите на нашиот факултет, подобрување на студенскиот живот и решавање на многу горчливи прашања на моите колеги студенти, кои досега немало ни обид да бидат решени.

Кратка биографија на кандидатот **Никола Јовановски**

Инженерството има голем потенцијал да прави добро, кој виден или не се реализира тековно. Како студенти, немаме целосно јасна слика за можностите на нашата струка. Очекувано, но сепак би сакал да придонесам за расветлување на тие можности.

Студирам на смерот Електроенергетика, Управување и Менаџмент, имам повеќегодишно искуство во организации и структури и веќе имам искуство во студентско организирање. Меѓу другото, помогнав во организирање на „Бруцошко интегрирање“, натпревар за брзо решавање интеграли, заедно со Бојан Јакимовски.

Моментално сум член на управен одбор во Младите Можат, што ме има научено и сè уште ме учи за работа во тим, организациски развој, работа во мрежи.

Паралелно на фокусот на студиите, се трудам да кревам свест за климатските промени преку активизам во Fridays For Future - Skopje.

Факултетското студентско собрание е платформа каде што може да се реализираат дел од можностите на инжерството на нашиот факултет. Јас би помогнал во тоа со тоа што би поттикнал хоризонтално пренесување на знаење, здружување на студентите од различни години и би пробал да дадам контекст и перспектива на нашиот факултет.

Потенцијалот е голем, но што е океан ако не збир од капки.

Кратка биографија на кандидатот **Камелија Костовска**

Почитувани колеги, јас сум Камелија Костовска, имам 23 години и моментално сум петти семестар на „Факултетот за електротехника и информациски технологии“ во Скопје (ФЕИТ) на насока Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ). Родена сум во Скопје, во 1996 година и оттогаш живеам со моето семејство. Средното образование го завршив во СУГС „Орце Николов“.

Како дружељубива личност, која што е секогаш отворена за нови предизвици и создавање на нови искуства, го поминувам моето слободно време во стекнување на нови контакти и постојано дружење со моите пријатели. Уште во вториот семестар станав член на одборот на Студентскиот парламент при ФЕИТ (СПФЕИТ) и учествував во многу активности надвор од формалните студии, како организирање на настани, проекти поврзани со претприемништво и многу други студентски активности, од кои би ги издвоила: Натпреварот за роботика и вештачка интелигенција -„Робомак“, Кампот со семинари за „меки вештини“ за студентите на ФЕИТ и на Машинскиот факултет во Скопје, Саемот за вработување и пракса -„Контакт“ и „Бруцошка на ФЕИТ“. Како активен студент членував во Наставно научниот совет при ФЕИТ (ННС) и секоја прилика ја користев помагајќи во Студентската служба на ФЕИТ. Хобито кое се провлекува низ сите останати активности повеќе од половина од мојот живот е танцувањето, кое придонесува значаен дел од моето слободно време да го поминувам со креативни млади луѓе.

Искуствата и вештините кои ги стекнав во текот на овие години ме направија поорганизирана личност, одличен тимски играч и добар тим лидер.

Членувањето во Факултетското студентско собрание (ФСС) ќе ми биде задоволство, затоа што сум личност која сака да им помага на останатите. Во текот на моето студирање имав прилика да акумулирам информации за студентското организирање и како функционираат студентските организации. Со пренесување на моето знаење на останатите членови од ФСС би можела да допринесам за сите колеги на ФЕИТ.

Кратка биографија на кандидатот **Стефан Наумовски**

Јас, Стефан Наумоски, запишан како редовен студент во втора година на студиската програма *Компјутерско хардверско инженерство и електроника* (КХИЕ) во академската 2019/2020, поттикнат од желбата да се чуе студентскиот збор што е можно подалеку, за да истиот став стапи на сила, дополнително охрабрен од моето досегашно искуство во невладиниот сектор на неформалното образование, како и фактот што веќе сум бил директно вклучен во носењето на одлуки на локално и државно ниво во областа на средношколските права, сакам истото мое стекнато искуство несебично да го вложам во подобрувањето на студентските права. Токму затоа одлучив да се кандидирам за претставник на Факултетското Студентско Собрание при ФЕИТ.

Исто така, како член на досегашниот СПФЕИТ и имајќи го во предвид моето членство во Меѓународниот сојуз за решавање на интернационални конфликти, гледам можност за проширување, усовршување и надградба на моите како лични, така и професионални вештини со членувањето во ФФС.

Како претставник од втора година, активно ќе се залагам за олеснување на целокупниот процес на студирање со што е можно поголема активна вклученост на студентите во носењето на релевантните одлуки.

„Дали универзитетите можат без студентите, или пак студентите можат без истите?!“

Кратка биографија на кандидатот **МИЛА ПОПОВСКА**

Јас, Мила Поповска, запишана како редовен студент на студиската програма електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија во академската 2019/2020 година, одлучив да се кандидирам за претставник од втора година на Факултетското Студентско Собрание при ФЕИТ.

Одлуката произлезе од желбата за промени и подобрување на начинот на студирање, од лична но и од гледна точка на моите колеги, сè со цел да се слушнат и нашите предлози и барања, како и да допринесеме во реформирањето на образовниот систем бидејќи истиот е направен првенствено за нас, студентите и учениците. Јас како претставник целосно ќе ја превземам одговорноста и ќе стојам зад секоја одлука, молба или барање, моја или од страна на моите колеги, и исто така постојано ќе ги известувам за сите дејствија што ќе се одвиваат во рамките на Студентското Собрание. Конечно, главната цел е и нашето вклучување во сите случувања на факултетот, бидејќи и нашиот глас, иако малцински, може понекогаш да допринесе во голема мера за решавање на некој проблем, или ќе даде одговор на некое важно прашање поврзано со тоа што нè засега нас.

А нас, не нè засега само учењето, туку пред сè тоа да нашите права во текот на студирањето на овој факултет бидат целосно остварени, и нашиот глас биде конечно слушнат.

Кратка биографија на кандидатот **Ања Русовска**

Јас, Ања Русовска, запишана како редовен студент во втора година на студиската програма *Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика* (КСИАР) во академската 2019/2020, поттикната од желбата да се актуелизираат и подобрат студентските права одлучив да се кандидирам за претставник на Факултетското Студентско Собрание на ФЕИТ, каде што активно ќе се борам за да не останат нечуени проблемите со кои се соочуваат студентите.

Студентите се главен двигател, носител на промените во едно општество и токму затоа е неопходно да им се даде глас. Како личност која темелно ги извршува задачите, сметам дека ќе бидам достоинствен претставник на студентите на втора година и дека напорно ќе работам за да се чуе нивниот глас, но и истите да бидат вистински вклучени во носењето на одлуки.

Кратка биографија на кандидатот **Војдан Андонов**

Војдан Андонов, роден сум 06.11.1998 и сум од Скопје. Омилени филмови ми се Shawshank Redemption и трилогијата Lord of the Rings, а омилена книга ми е графичката новела Watchmen. Слушам британски рок (The Beatles, Led Zeppelin…) но исто така уживам и во рапот од деведесетите (Gangstarr, Wu Tang …).

Како мои најголеми успеси би ги издвоил: во учебната година 2018/19 бев студент-демонстратор по предметот Основи на Електротехника (верувам дека некои од вас и од таму ме познаваат); научниот трудот кој го бранев во 2018 година на конференцијата СКЕЕОР, кој може да го најдете на https://www.researchgate.net/profile/Vojdan_Andonov; моето учество во организацијата на првиот и најголем средношколски фестивал во Македонија - КОНЕКТ Фестивал.

Студент сум на ФЕИТ, на смерот Електроенергетски Системи, и сум трета година. Најголема мотивација за да се кандидирам за член на Факултетското Студентско Собрание е забавата „Бруцошка на Феит“. Сметам дека е срамота најголемото нешто кое е направено од студентската организација на нашиот факултет да биде журка. Иако е прекрасна традиција од која сите се гордееме, не смее да се дозволи главниот фокус на едно тело кое ја застапува иднината на нашата држава да е на журка. Особено не кога грото од студентите сме незадоволни од: изборните предмети кои сме приморани да ги слушаме иако се од туѓи студиски програми и немаат никаква поврзаност со нашиот смер; читалната на факултетот; недостатокот на паркинг места и доста други реални проблеми.

Доколку бидам избран како член на Факултетското Студентско Собрание, ќе се посветам целосно на решавање на вистинските проблеми на студентите и ќе се борам за правата на секој еден од нас.

Бруцошката несомнено ќе ја има и следна година, но, заедно со неа ќе се случуваат и многу други работи од кои веднаш ќе се осети промената од вечното „статус кво“ на нашиот факултет.

Можете да ме исконтактирате на:

E-mail: vojdan.andonov@gmail.com

Кратка биографија за кандидатот **Никола Василевски**

Јас сум Никола Василевски. Роден сум на 26.02.1999 во Скопје. Средното образование го завршив во гимназијата Орце Николов. Ентузијаст сум за се што е поврзано со компјутерите. Речиси целиот живот се занимавам со спорт, конкретно пливање. Бев државен репрезентативец и ја имам претставувано Македонија на повеќе настани. Веќе три години сум волонтер во Црвен Крст. Слободното време го искористувам најчесто за дружба.

Студент сум на ФЕИТ , на смерот Компјутерски Технологии и Инженерство. Моментално сум во мојата трета студиска година. Себеси се сметам за добар и исполнителен студент.

Главен мотив за да се кандидарам за членство во Факултетското Студентско Собрание ми е фактот дека има огромен број на работи кои можат да се подобрат на нашиот ФЕИТ доколку се покрене иницијатива. Верувам дека тоа би ни претставувало големо олеснување на нас студентите и би ни го подобрило студентскиот живот. Некои идеи кои што ги имам за подобрување на условите за студирање се : продолжено работење на читалната на факултетот, организирање на повеќе настани за вработување и наоѓање на пракса, создавање на ефикасен систем со кој ке можеме ние, постарите колеги, да им помогнеме на бруцошите полесно да се прилагодат на околината , одржување на нови настани кои што се од образовно-забавен карактер (електријада).

Доколоку бидам избран за член на ФСС, ќе дадам максимален труд да се решат проблемите кои што не мачат сите нас. Секоја предлог идеја од останатите студенти ке биде добредојдена.

Контакт адреса :

nikolavasilevski99@hotmail.com

Кратка биографија на кандидатот **Теа Вељковиќ**

Здраво, јас сум Теа, студент од трета година на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) на студиската програма Компјутерско хардверско инженерство и електроника (КХИЕ).

Од самиот почеток на моите студии, активно пробувам да бидам вклучена во сите тековни настани организирани во рамките на факултетот, па така имав можност да учествувам на неколку, како волонтер или како дел од организацискиот тим. Иако најголем дел од денот го поминувам во просториите на ФЕИТ, верувале или не, ми останува малку слободно време кое го поминувам во цртање или играње друштвени игри. Во моите средношколски денови ја развив мојата љубов за дебата кога станав член на Младинскиот образовен форум, каде научив критички да размислувам и да го почитувам и сослушам туѓото мислење. Исто така бев и дел од симулацијата на европскиот парламент во склоп на МЕП како учесник на национална и регионална сесија, но и како претседател на еден од комитетите.

Одлучив да се кандидирам за член на Факултетското Студентско Собрание, пред се, поради тоа што верувам дека гласот и идеите на студентите се основната алатка за создавање подобра образовна средина. Доколку станам член на ФСС, континуирано ќе работам на тоа да при донесувањето на факултетските одлуки биде земено во предвид и мислењето на студенти.

Теодора Младеновска

Родена на 29.05.1998, Куманово. Студент во трета година на насоката КТИ. Средното образование го завршив во Гимназија “Гоце Делчев”, Куманово, природно-математичко подрачје А. Најголемиот дел од секојдневието го посветувам за изавршување на факултетските обврски, а за хоби можам да кажам дека ми е слушање музика. Веќе четврта година сум волонтер во невладината организаја “Центар за интеркултурен дијалог”, со што се имам активно вклучено во голем број на проекти од неформалното образование, како и негова имплементација во рамките на формалното. Основната мотивација за да ја поднесам оваа кандидатура за член на ФСС е со цел за ги заштитувам правта и да ги застапувам интересите на студентите. Се надевам дека со досегашното искуство ќе придонесам во подобрување на квалитетот на процесот на студирање и ќе ги потикнам студентите да бидат активни чинители во општеството, искажувајќи ги своите предлози, барања и интереси.

Кратка биографија на кандидатот **Анастасија Смиљанова**

Здраво колеги, јас сум Анастасија, доаѓам од Штип, студент сум трета година на ФЕИТ, на насоката Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ). Најголем дел од „слободното“ време го поминувам со пријателите, дали тоа би било дружење преку некоја игра или долги муабети на најразлични теми. Уживам во секоја можност да отидам на планинарење или да гледам некој натпревар по спортско качување.

Одлучив да се кандидирам за позицијата пратеник во Факултетското Студентско Собрание бидејќи верувам во идејата дека секој студент е заслужен да ги ужива правата на слободно искажување, достоинствено студирање и рамноправно истакнување на своите вештини и таленти. Времето поминато на ФЕИТ ке ги постави темелите на нашите професионални кариери, време за кое треба да се издигнеме како најдобрата верзија од нас. Затоа е потребна силна комуникација која можеме да ја остваримe само доколку се слушне секој студентски глас. Токму ФСС е тело каде овие идеали можат да се достигнат, па силно се надевам дека како такво, проследено со многу дружба, смеа и секако работа ке успее уште повеќе да го подобри нашето студирање.

Филип Макрадули

Филип Макрадули е студент во 4та година на смерот КХИЕ. Има завршено во СУГС Гимназија Орце Николов во 2016. Беше активен учесник во пленумот на Орце како и во голем дел од културните и научни настани во гимназијата. Филип има интернационално искуство со дебата и дипломатија, учествувајќи на повеќе настани поврзани со тие теми. Сака да зборува и учи за технологија, но и за нејзината примена не само од научен, туку и од практичен аспект.

За ова најмногу говорат неговите учества на модел европскиот парламент, симулација на европскиот парламент каде се дискутриаат реални проблеми на унијата поврзани со наука, политика, технологија и секојдневен живот. Најпрвин е делегат и претседател на генералното собрание на национално ниво, а потоа и делегат на интернационалната сесија во парламентот на Република Унгарија во Будимпешта. Филип е еден од ретките делегати со препорака за претседател на комитетот за енергија, технологија и истажување на 46та интернационална сесија во Брисел, Арнхем и Мастрихт.

Има интереси со бизниси поврзани со технологија како и мало почетничко искуство во пренесување на науката во бизнисот и маркетирање на старт ап компании како од пракси така и од настани како Скопје Стартап викенд и Фондот за иновации. Филип е возбуден околу технологија и паметни научни решенија, и вреднува повеќе учење со разбирање наместо репродуцирање на механични научени работи.

Сака да се кандидира за ФСС, бидејќи верува во моќта на јавниот дискурс и смета дека тоа е чекор во правилната насока кон реализирање на вистински решенија, и се уште, и во ова време, има надеж дека работите кај нас можат да тргнат на подобро.

Кратка биографија на кандидатот **Димитар Димитров**

Димитар Димитров, роден на 12.5.1997 година во Скопје, Македонија. Дипломиран електроинженер на насоката Електроенергетика, автоматизија и обновливи извори на енергија. Моментално студент на втор циклус студии на ФЕИТ, запишан на насоката Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој. За време на додипломските студии бев дел од организацискиот одбор на Студентската конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој - СКЕЕОР 2018. Во рамки на досегашното искуство, учествував на различни семинари и конференции за професионален развој, како и на меѓународен проект, академски курс во Барселона, Шпанија.

Сметам дека подобрувањето на квалитетот на студирањето е од голем интерес како за нас студентите, така и за факултетот. Тоа најефективно би се постигнало доколку членовите на наставниот кадар добиваат директни и искрени повратни информации од страна на студентите. Сепак, студентите треба да имаат право на одлука за работи кои ги засегаат нив и нивното образование. Можноста да бидам дел од ФСС би значело брзо и навремено реагирање во врска со забелешките на студентите, како и објективно изнесување на гласот на студентите.

Кратка биографија на кандидатот **Ангела Најдоска**

Ангела Најдоска, родена на 9.5.1997 година во Прилеп, Македонија. Дипломиран електро инженер на насоката Електроенергетика, автоматизија и обновливи извори на енергија. Моментално студент на втор циклус студии на насоката Обновливи извори на енергија. Во текот на додипломските студии учествував во организацискиот одбор на Студентската конференција за енергетска ефикаснос и одржлив развој, додека пак, во 2018 година бев претседател на истата. Како студент на ФЕИТ изминативе години сведок сум на настани за кои студентите немале право да одлучуваат за одредени работи кои што ги засега нив и нивното образование. Сметам дека функицијата на студентите не е само да одат на предавање и да полагаат, сметам дека треба да бидеме реален коректор на наставниот кадар. Исто така, до сега студентите кои што требаа да го претставуваат така наречениот глас на студентите, не го правеа тоа согласно желбите на истите, односно поголемиот дел од нив реагираа согласно своите лични интереси (тоа најчесто се забележува при креирање на распоред за испитни сесии). Со овој начин на избор на студентите кои ќе бидат членови на ФСС се овозможува не само конечно да има избор на кои студенти ќе ги преставуваат сите останати студенти туку и:

- се овозможува на реално вклучување на студенти во решавање на работи кои што се од интерес на квалитетот на нивното студирањето,
- можност за правење на настани, како и учество на настани кои што ќе бидат од интерес на сите студенти, како и на самиот факултет,
- како и транспарентно работење на самата организација.